Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 347/2
27.08. 2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 49-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 28.07.2025 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 48-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-јуни 2025 година- втор квартал.
3. Предлог- Одлука за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (2025-2026 година).
4. Предлог- Одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2025 година- втор ребаланс.
5. Предлог- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во општина Градско за 2025 година.
6. Предлог- Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.
7. Предлог- Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.
8. Предлог- Одлука за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Градско за период 2025-2027 година.
9. Предлог- Годишен план за реализација на активности од енергетска ефикасност на Општина Градско за 2025 година.
10. Предлог- Одлука за усвојување на Извештајот за одбележување на Павловден, патронот на општина Градско преку манифестацијата „Градско, храна, вино и традиција -Павловден 2025"
11. Предлог- Одлука за давање Согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев" Градско за учебната 2025/2026 година.
12. Разгледувања на барања и поднесоци.
13. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со 1(една) точка:

1. Одлуката за усвојување на Извештајот- Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода- град што ја зафати Општина Градско на 06 Јуни 2025 година.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 49-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 48-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 48-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 48-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 48-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-јуни 2025 година- втор квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Во материјалите наративно е објаснето споредбено со истиот квартал во минатата година. Заклучно со 30 јуни реализацијата на приходите 45,43%, додека расходите се реализирани со 42,02%. Реализацијата во моментов е 69,30%.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-јуни 2025 година- втор квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за периодот јануари-јуни 2025 година- втор квартал.

*3.Одлука за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (2025-2026 година).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Со одлука на Влада доделени се средства на општина Градско за доградба на нов образовен објект со која се распределени 25% од вкупниот износ за 2025 година. Станува збор за проект кој ќе се спрведува во две фискални години и поради тоа се изработува и оваа развојна програма. Средствата се капитална дотација од МОН, наше учество во овој проект нема. Опремувањето би било по изградба на објектот со средства од училиштето.

Мирјана Ѓорѓиева- тоа би било во склоп на малото училиште.

Елена Смилкова- ќе се гради до него во продолжение за да не смета на образовниот процес.

Маја Андовска- 1 септември 2026 би требало да било готово.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (2025-2026 година).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (2025-2026 година).

*4.Одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2025 година- втор ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Во приходниот дел наведени се сите износи. Се зголемува за изградба на нов образовен објект во ООУ, за реконструкција на улица крак 7 во с.Виничани, за реконструкција на улица во с.Ногаевци и реконструкција на крак 14 во с.Виничани, за подобрување на водоснабдувањето со питка вода за н.Градско со два цевководи, за набавка на цистерна. Во однос на расходите предвидени се средства за патишта за исплата во Водоврати, предвидени се средства за нова бушотина во с.Виничани, предвидени се средства за последната рата за плоштадот, за комисијата за урбанизам врз основа на изработени предмети од таа област, за комисијата за штети, се воведува нова ставка за казнена камата за МЖ инфраструктура по однос на фактури за одржување на клучките каде се вкрстуваат локалните патишта со пругата.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2025 година- втор ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Градско за 2025 година- втор ребаланс.

*5.Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во општина Градско за 2025 година.

*6.Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.

*7.Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година.

*8.Одлука за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Градско за период 2025-2027 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. Програмата се носи на секои три години и истата ја изработува заедничкото одделение за енергетска ефикасност со седиште во Неготино по предходно доставени потребни податоци од наша страна. Потоа се доставува на мислење до Министерство за енергетика за што имаме добиено позитивно мислење па поминува на совет. Со оваа програма се предвидуваат активности за временски период од три години, а врз основа на оваа програма секоја година се носи годишен план.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Градско за период 2025-2027 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Градско за период 2025-2027 година.

*9.Годишен план за реализација на активности од енергетска ефикасност на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. Годишниот план се носи врз основа на три годишната програма.

Маја Андовска- има најава дека училиштата со мал број на деца ќе се завораат. Зошто да се инвестира во Водоврати ако се затвори.

Пецо Кузманов- не значи дека ќе се реализира се што е предвидено. Се прави годишен извештај за тоа што е реализирано но тој не поминува на совет.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот план за реализација на активности од енергетска ефикасност на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот план за реализација на активности од енергетска ефикасност на Општина Градско за 2025 година.

*10.Одлука за усвојување на Извештајот за одбележување на Павловден, патронот на општина Градско преку манифестацијата „Градско, храна, вино и традиција -Павловден 2025".*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Извештајот за одбележување на Павловден, патронот на општина Градско преку манифестацијата „Градско, храна, вино и традиција -Павловден 2025".

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот за одбележување на Павловден, патронот на општина Градско преку манифестацијата „Градско, храна, вино и традиција -Павловден 2025".

*11.Одлука за давање Согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев" Градско за учебната 2025/2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Каролина Кирива, директор на ООУ„Даме Груев" Градско. Одобрен ни е проектот за дограба на нови училници за воведување на едносменско работење, тоа ни е приоритет. Планираме санација на спортската сала. Планираме доколку имаме финансиски средства во уличиштето во Водоврати да се направи топлинска изолација со што би имале заштеда на пелети . Оваа учебна година помина и на наставнички и на совет на родители и на училишен од новата школска година да се почне со ротација додека да се изгради новиот дел. Ќе се ротира и во основното и во подрачните поради предметните наставници за поефикасна настава. Оваа година завршивме со 315 ученици, а ќе започниме со 302. Имаме 23 првачиња.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање Согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев" Градско за учебната 2025/2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање Согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев" Градско за учебната 2025/2026 година.

*12.Одлуката за усвојување на Извештајот- Елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода- град што ја зафати Општина Градско на 06 Јуни 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Роби Богески претседател на Комисијата за процена на штети. Штетата е настаната на 6 јуни, дел од општина Градско беше зафатена од град, од страна на градоначалникот е формирана комисија и објавен е повик за пријавување на штети. По завршување на рокот за пријава се излезе на терен, има 13 пријави од физички лица. Станува збор за праска, кајсија, бадем и грозје. Од страна на комисијата се изготви извештај- елаборат, вкупната проценета штета изнесува 2.271.000,00 денари. Цените се земени како просек од последните три години. Препорака беше проценетата штета од мраз да не се проценува за да не дојде до дуплирање, станува збор за три парцели.

Боне Спасовски- ако за мраз сте му процениле 50% и сега 20% тоа значи 70%.

Роби Богески- не, ако еден декар и е веќе проценет 50% односно пола декар се проценува остатокот.

Боне Спасовски- проблемот е што ги продаваат на пазарот по нормална цена, а не ги даваат како оштетени од град. Не може да земат два пати и за мраз и за град. Земјоделец сум и знам колку може да даде едно дрво. Требаше комисијата повторно да излезе на терен кога се береа овошките. Во Виничани имаат набрано тонажа и пак имаат проценка од 50%. Најоштетени се во Чичево, во Виничани нема град.

Даниел Мирчов- имате пишано 70%, а луѓето береа носеа во Росоман.

Риби Богески- имаше јавен повик и ние како комисија сме должни да излезиме на терен.

Мирјана Ѓорѓиева- треба да се оди на терен кога ќе почнат да зреат.

Јованче Стојанов- минатата седница побарав да има друга комисија да излезе на терен пред берба.

13.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Амра Браховиќ од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

*14.Разно*

/

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 49-та седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева